Врз основа на член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/21), член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ“ бр. 54/12, 17/13, 21/13, 142/14), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа „Службен весник на РМ“ 05/02) и член 25 став 1 точка 5 од Статутот на општина Богданци („Службен гласник на Општина Богданци“ бр.04/05, 04/11, 04/15, 09/19, 02/20 и 11/21), Советот на општина Богданци на седницата одржана на 13.07.2022 година, донесе

# **О Д Л У К А**

## **за определување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата на подрачјето на Општина Богданци**

**Член 1**

Со оваа одлука се определува просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата на подрачјето на Општина Богданци.

**Член 2**

Пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата на подрачјето на Општина Богданци ќе се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши процената на земјиштето.

**Член 3**

Доколку не се извршени купопродажби на подрачјето на општината во претходната година како пазарна вредност се зема просечниот надоместок за метар квадратен експроприрано земјоделско земјиште на подрачјето на општина Богданци.

**Член 4**

При утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште ќе се зема во предвид местоположбата односно место викано, катастарката култура, класа на земјиште и опфатеност со системот на наводнување.

**Член 5**

Врз основа на критериумите од член 2 и 4 од оваа Одлука, просечната цена која ќе се применува за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата, претставува основа за пресметување на даноците на имот, наследство и подарок, промет на недвижности.

**Член 6**

Табеларниот преглед со просечни цени за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата на подрачјето на Општина Богданци за

2022 година е составен дел на оваа Одлука, а за секоја наредна година се задолжува Одделението за финансиски прашања на почетокот на годината да изработува табеларен преглед во кој ќе биде утврдена просечната цена на извршените купопродажби од претходната година, според кои ќе биде утврдена пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата за таа година.

**Член 7**

Во случаи кога цената постигната со актот за пренос на правото на сопственост е повисока од пазарната вредност утврдена согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност од страна на овластен проценител, даночна основа ќе биде цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост.

**Член 8**

Утврдувањето на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата, врз основа на определените просечни цени од табеларниот преглед на оваа одлука и табеларните прегледи кои ќе се носат на почеток на секоја наредна година ќе ја врши овластен проценител.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Богданци"

**Бр. 08-1444/5**
**13.07.2022 год.**
**Богданци**

**Претседател**
**на Советот на Општина Богданци**
**Борис Ванчев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Совет на Општината ОПШТИНА БОГДАНЦИ